# ОДГОВОР

**на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Вршителот на должноста директор на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија на ден 23.09.2014 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија до Државниот завод за ревизија заведени под број 13-208/8.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **препораката под реден број 5** која е поврзана со утврдената состојба на точката 2.1.2 алинеја 11 и точка 2.2.1.2. алинеја 3. а се однесува на начинот на доставување на потврди за живот за корисниците на пензија што живеат надвор од РМ како и исплата на корисник на пензија по истекот на законски утврденото право **не се прифаќа**. Имено Фондот во 2014 година иницирал доставување на потврди за живот двапати во годината за корисниците на пензии што живеат надвор од РМ. Меѓутоа по извршената проверка на воспоставените контроли при исплата на пензиите, ревизијата констатира дека и покрај преземените активности за воспоставување и функционирање на системот на интерни контроли, може да се изврши исплата на корисник на пензија по истекот на законски утврденото право.

   Имајќи ја во предвид утврдената состојба во делот на исплата на пензии на корисник на пензија по истекот на законски утврденото право како и отсуството на уредување на обврската за доставување на потврди за живот за корисниците на пензија во пократки рокови, ревизијата смета дека таквата обврска е потребно да се уреди со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.